**Институтот ОХРИД како дел од мрежата на Образовна иницијатива за централна и источна Европа ги кани сите заинтересирани студенти да се пријават на:**

Првата годишна конференција за правото и суверенитетот

Повик за доставување апликации: **Прва годишна конференција за правото и суверенитетот**
**Март 12- 14, 2010**
**Замок Њувалдег, Виена, Австрија**



Со цел да стимулираме и поттикнеме понатамошна дебата за правото и суверенитетот во ера на глобализацијата, Институтот ОХРИД, Скопје Ве кани на првата годишна конференција за правото и суверенитетот, организирана во соработка на Федералното општество за право и политички студии сместено во Вашингтон и Образовната иницијатива за централна и источна Европа во Виена. Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје е претставник за Македонија и дел од мрежата на ЕИЦЕЕ.
Повеќе еминентни американски професори по право и правници од меѓународната елита ќе предаваат на оваа конференција, и меѓудругото оваа конференција ќе отвори повеќе дискусии за значењето на владеењето на правото, судската ограниченост, лимитираната Влада, поделбата на моќта и националниот суверенитет. Конференцијата за правото и суверенитетот ќе се одржи на 12-14 март 2010 година во Замокот Њувалдег во Виена, Австрија и е отворена за студенти по правни студии од цела Централна и Источна Европа. Заинтересираните студенти треба да се обратат до Институтот ОХРИД за да ја добијат апликацијата, како и подетални информации за целата конференција.

E-mail: info@oi.org.mk

Ви благодариме однапред.

Институт за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје

EICEE
Educational Initiative for Central and Eastern Europe

ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

---

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk